**БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД**

СПИСАНИЕ НА
НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
БИТОЛА

*

**Издавач**
Национална установа
Универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Битола
ул. Пеце Матичевски бр. 39

*

**За издавачот**
Јелена Петровска, в.д. директор

*

**Издвачки совет:**
д-р Николче Вељановски,
претседател
Јоланда Бошевска
Гордана Пешевска

*

**Главен и одговорен уредник**
д-р Николче Вељановски

*

**Редакција:**
д-р Николче Вељановски
Јоланда Бошевска
Илче Стојановски

*

**Лектура**
Александар Димитров

*

**Подготовка и печат**
Графо Пром – Битола

*

**Тираж**
200 примероци

**ISSN 1409–9497**

Тел/факс.: 047/220-208;
Тел.: 047/220-515;
Тел. на Изд.: 047/232-999
www.nuub.mk
e-mail: nuub@nuub.mk

# СОДРЖИНА

СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК . . . . . . . . . . 2

## ОД МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

83. КОНФЕРЕНЦИЈА НА IFLA 2017 ВО ПОЛСКА
И ДОГОВОРИ ЗА СОРАБОТКА
*Подготвиле: м-р Јелена Петровска, в.д. директор,*
*Марија Малгожата Мачковска, библиотекар советник. . . . . . . .3*

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА СО БИБЛИОТЕКИ ВО ВРОЦЛАВ, ПОЛСКА
*Подготвила*
*Марија Малгожата Мачковска, библиотекар советник. . . . . . . .4*

ИЗРАЕЛСКА ДЕЛЕГАЦИЈА ВО ПОСЕТА НА БИБЛИОТЕКАТА. . . . . . . . 6

## БИБЛИОТЕКАТА НИЗ ОДДЕЛИ И АКТИВНОСТИ

СТУДЕНТИТЕ И БИБЛИОТЕКАТА
(Работна средба со претставници од Ректоратот) . . . . . . . . 7

ОХРИДСКАТА И БИТОЛСКАТА БИБЛИОТЕКА ПАРТНЕРИ ВО
ИДНИТЕ ПРОЕКТИ. . . . . . . . . . 7

44. СОБРАНИЕ НА БЗМ
*Подготвил*
*Благој Николов, библиотекар советник . . . . . . . .8*

ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ“ 2017
*Подготвила*
*Гордана Пешевска, виш библиотекар . . . . . . . .9*

18. РЕПУБЛИЧКИ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ“ 2017 . . . . . . . . 10

ЗНАЧАЈНОСТА НА ПЕРИОДИЧНИТЕ ПУБЛИКАЦИИ
*Подготвила*
*Лидија Мирчевска, виш библиотекар . . . . . . . . 10*

ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ЗБИРКАТА ДРОБЕН ПЕЧАТ
*Подготвила*
*Ленче Андоновска, библиотекар советник. . . . . . . . 11*

ПРОЕКТ „МЛАДИ ПОЕТСКИ ПЕРФОРМАНСИ“ . . . . . . . . 12

ДОНАЦИЈА ОД АВСТРИСКАТА АМБАСАДА
*Координатор: Фатма Бајрам Азмовска, библиотекар*
*Соработник: Илче Стојановски, виш библиотекар . . . . . . . . 12*

ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА, ПРОМОЦИИ, ИЗЛОЖБИ, ПРЕДАВАЊА
*Подготвила*
*Фатма Бајрам Аземовска, библиотекар. . . . . . . . 13*

БИБЛИОГРАФИЈА НА ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ И
МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ
*Подготвиле:*
*Јоланда Бошевска, библиотекар советник*
*Гордана Пешевска, виш библиотекар . . . . . . . . 20*

# СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК

По повод одбележувањето на Денот на патронот Свети Климент Охридски, Библиотеката организираше свечена програма во салата за промоции на 7-ми декември.

Во програмскиот дел прв настапи младинскиот хор на Културно - уметничкото друштво „Стив Наумов“ – Битола под диригенство на Љубомир Трифуновски.



Воведен збор имаше м-р Јелена Петровска, в.д. директор на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола. Денес нашата библиотека го прославува својот Патрон. Св. Климент Охридски, нашиот учител, просветител, писател, инспиратор – ќе рече директорката. Таа го покани м-р Александар Гулевски да го презентира видео – записот со наслов „Моќта на буквите“ за постанокот на глаголицата. Ја најави и изложбата по овој повод поставена во холот на Библиотеката со наслов: Свети Климент Охридски, од Бога даруван – Пастир и учител.



На настанот присутна беше градоначалникот на Општина Битола м-р Наташа Петровска. Митрополитот г-дин г-дин Петар. Во оваа институција се сместени илјадници изданија, илјадници страници во кои што се кријат мноштво информации кои што едноставно му пружаат информации на младите генерации а и на сите луѓе, можност да ги прошират своите знаења, видици и богатство. - изјави Наташа Петровска, градоначалник на Општина Битола.

Потоа, беа претставени изданија на Библиотеката и тоа:

– „Библиографија на магистерски трудови и докторски дисертации одбранети на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола 1991 – 2016 година“, составена од



Јоланда Бошевска, библиотекар советник и Гордана Пешевска, виш библиотекар, како и Зборникот на излагања од 12. Роднокрајна средба со битолските писатели во

Македонија и Списанието „Библиотечен тренд“ бр.44, а беа најавени и содржините од наредниот бр. 45.






# 83. КОНФЕРЕНЦИЈА НА IFLA 2017 ВО ПОЛСКА И ДОГОВОРИ ЗА СОРАБОТКА

*Подготвила: м-р Јелена Петровска,*
*в.д. директор*

На конференцијата на Меѓународната федерација на библиотечни асоцијации во Вроцлав, Полска, Библиотеката имаше двајца свои претставници: м-р Јелена Петровска, в.д. директор и Марија Малгожата Мачковска, библиотекар советник.

Одлично организирана и поддржана од Националниот комитет на Полска, конференцијата беше отворена во прекрасниот амбиент на стогодишната сала со настап на уметниците од Вроцлав кои со мултимедијален пристап ја прикажаа историјата на Вроцлав. Од спектакуларното отворање кое што наликуваше на вистинска „олимпијада“ на библиотекарите учесници и земји од сите континенти, па се до дискусијата и гласањето во врска со Глобалната визија на ИФЛА каде учествуваа речиси 360 луѓе со право на глас - ИФЛА ги исполни очекувањата. Библиотекарите и библиотечните професионалци од цел свет го кажаа своето мислење за можните правци, решенија, користење на јазиците, проток на идеи и обединување за заедничко делување и претставување на библиотеките како центри и влијателни институции во заедницата. Над 3000 делегати од 122 земји имаа можност да разменат искуства, да презентираат успешни проекти, да дознаат за новите технологии и решенија. Тоа што сигурно останува како трајна вредност се бројните контакти и пријателства, можноста заеднички да работат на проекти, размена на луѓе и идеи во создавањето успешна приказна во својата средина. Следната Конференција на ИФЛА ќе се одржи во Куала Лумпур - Малезија.




Врз основа на проектот за меѓународна соработка со библиотеки од Полска, поддржан од Министерството за култура на Република Македонија, во периодот од 19.08.2017 до 24.08.2017 година потпишани се три договори за соработка на Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола и тоа со: Библиотеката на Вроцлавската Политехника, Универзитетската библиотека и Долношлонската јавна библиотека „Тадеуш Микулски“ од Вроцлав - Полска. Веруваме дека потпишаните договори за соработка со библиотеките ќе придонесат за развој на нашата инстутуција, зајакнување на врските и размена на искуства, а непосредно ќе поттикне и соработка на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола со Вроцлавска Политехника и Вроцлавскиот Универзитет од Полска.

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА СО БИБЛИОТЕКИ ВО ВРОЦЛАВ, ПОЛСКА



*Подготвила*
*Марија Малгожата Мачковска, библиотекар советник*

НУ Универзитетска Библиотека „Св. Климент Охридски“ од Битола во периодот од 20 до 24-ти август оваа година реализира проект поддржан од Министерство за култура на РМ за меѓународна соработка со полските библиотеки. Во рамките на овој проект беа посетени четири значајни библиотеки во Вроцлав во Полска и една библиотека во Берлин, Германија од м-р Јелена Петровска в.д. директор и Марија Малгожата Мачковска, библиотекар советник. Престојот беше поврзан со истовремено учество на директорката на 83. Конгрес на Меѓународната федерација на библиотечни асоцијации (IFLA), кој од 19-25 август 2017 година се одржуваше во Вроцлав.




*Политехника - Вроцлав*

Во понеделникот, на 21 август, беше посетена библиотеката на Политехника во Вроцлав. Директорите на двете библиотеки, м-р Јенджеј Лесниевски и м-р Јелена Петровска, потпишаа договор за меѓусебна соработка меѓу двете институции.

Библиотеката на Политехника има огромно значење за факултетот и регионот и слободно може да се каже дека е тоа вистинска библиотека на 21 век. Книжниот фонд на Библиотеката брои над 1 000 000 единици, како и над 200 000 единици од специјалните збирки. Библиотеката овозможува пристап до над 17 000 наслови на странски списанија и над 700 полски списанија. На почетокот на 2014 година Библиотеката на Вроцлавската Политехника ја смени својата организациска структура и назив и се трансформира во: **Центар за наука и научно технички информации.** Во состав на Центарот влегуваат: Класична библиотека со печатени збирки, Електронска библиотека со дигитализирани збирки, Центар за соработка на науката со стопанството, Контактен центар за трансфер на технологии, комплекс на научно-истражувачки лаборатории и локални оддели во разни организациски единици на факултетот. Во ноември 2014 година во кампусот на Вроцлавската Политехника беше отворена нова дигитална библиотека БИБЛИОТЕХ, односно Библиотека на природните и техничките науки.

Во една современа зграда со над 11,500 м$^2$ корисна површина се лоцирани 570 компјутерски места, повеќе лаборатории и простории за мултимедијални проекции и огромна сервер-соба. Освен Дигиталната библиотека во состав на комплексот влегуваат и Регионален центар за информации за патенти, Регионален пункт за информации за норми, Информативно биро за нови технологии, а исто така и лаборатории за компјутеризација и обработка на податоци на Вроцлавскиот Центар за мрежи и суперкомпјутери, како и комплекс на научно-истражувачки лаборатории. (види посебен текст во бр. 40 од 2015 год.)

Истиот ден, во попладневите часови, беше посетена и мултимедијалната библиотека Медијатека, сместена во центарот на градот. Медијатеката е формирана во 2004 година во Вроцлав во рамките на проектот на германската Фондација Бертелсман во соработка со градските власти и со Општинската јавна библиотека од Вроцлав. Таа



е прва мултимедијална библиотека за млади читатели која во рамките на својата понуда има богат книжен фонд како и мултимедии – вкупно над 30.000 единици.

Во мултимедијалните збирки на Медијатеката читателите можат да најдат филмови, ДВД, БЛУ РЕЈ, музички плочи, аудио-книги, компјутерски игри како и електронски едукативни програми. Библиотеката исто така овозможува пристап до електронската база на книги E-book. Медијатеката не е само библиотека туку и место на сред-



би и интересни културни настани. Во текот на една година Медијатеката активно ја користат над 10 000 лица.

За време на посета на Медијатеката имавме можност да слушниме предавања за искуствата на детски оддели во скандинавските библиотеки, презентирани од страна на неколку учесници на IFLA. ((види посебен текст во бр. 33-34 од 2012 год.)

Наредниот ден беше посетена Долношлонската јавна библиотека „Тадеуш Микулски“. Директорот на Библиотеката, Анджеј Тивс, ни ги презентира активностите на институцијата и плановите за нејзиниот динамичен развој.

Освен својата основна дејност како јавна библиотека ДЈБ врши и улога на централна библиотека во регионот Долни Шлонск, која го поддржува развојот на над 300 помали библиотеки. ДЈБ организира конференции, научни средби, помага во развојот на мрежата на библиотеки, организира курсеви за библиотекари од регионот, соработува со сите научни институции во Вроцлав, а студентите од Факултетот за библиотекарство и научни информации доаѓаат тука на стручна практика. Во Библиотеката функционира Американско катче, читална на Ghete Institut, Романска читална, Кореанско катче, а во фаза на подготовка е отворање на Словенска читална. Библиотечниот фонд има универзален карактер и опфаќа околу 600.000 единици.

Најзастапена е хуманистичката и општествената литература, научната и научно популарната литература, белетристиката и литературата за деца и возрасни. Освен тоа ДЈБ има и богата фонографска збирка со аналогни и DVD плочи, CD ROM-ови, аудио и видео касети, книги снимени на касети и CD ROM-ови како и богата збирка документи од општествениот живот. ДЈБ нуди широк избор на популарни и научно популарни полски и странски списанија како и локален печат. (види посебен текст во бр. 27-28 од 2009 год.)

Универзитетска Библиотека од Битола има воспоставено соработка со Долношлонската јавна библиотека уште во 2008 година. Таа година директорот на вроцлавска Билиотека Анджеј Тивс, заедно со заменик директорот и една вработена, ја посетија НУУБ - Битола. Истата година беше возвртаена посетата од страна на нашата институција. Оваа година беше официјализирана меѓусебната соработка и беше потпишан договор меѓу двете библиотеки, кој веруваме дека ќе ни помогне во зајакнувањето на врската помеѓу нашите институции.

Третиот ден од престојот беше посетена Универзитетска Библиотека во Вроцлав. Директорката м-р Гражина Пиотрович ни ги претстави активностите и планови за развој на Библиотеката. Беше потпишан договор за меѓусебна соработка меѓу двете институции.

Универзитетската Библиотека во Вроцлав во текот на многу години својата дејност ја обавуваше во неколку места во центарот на Вроцлав. Организациската структура на Библиотеката ги опфаќа следните оддели: Прибирање на збирки, Монографски публикации, Периодични публикации, Чување на библиотечни збирки, Работилница за конзервација, Ракописи, Раритетни збирки, Графички збирки, Картографски збирки, Музички збирки, Работилиница за репрографија и дигитализација, Научна информација, Компјутеризација, Научна документација на културно наследство.

Во 2013 година беше пуштена во употреба нова зграда на Библиотеката кога почна и постепеното преселување на збирките во нови простории. Современата и функционална зграда (околу 38.000 м² корисна површина) овозможува складирање на богати библиотечни збирки (околу 4 милиони единици од нови збирки и 500.000 единици од специјални збирки), пристап до збирките преку Информаториум, каталози, читални, Оддел за зајмување, магацини со отворен пристап, индивидуални читални. Во зградата има сали за предавања, семинари и слушални, а исто така музеј на Библиотеката, сала за изложби и книжарница. Универзитетската Библиотека во Вроцлав функционира како центар за едукација, информација и култура. (види посебен текст во бр. 44 од 2017 год.)

Последниот ден од патувањето беше искористен за посета на Централната јавна библиотека „Пабло Неруда" во Берлин, Германија. Библиотеката им нуди на своите корисници околу 100.000 книги и мултимедијални збирки за деца, тинејџери и возрасни. Интересен дел претставува семејната библиотека која вклучува музичка библиотека, библиотека за уметност и мултимедијален центар. Просторот на Библиотеката е прилагоден кон корисниците и нивните потреби, нуди богат избор на услуги и активности. Библиотеката располага со разновидни училишни помагала, образовни водичи за повозрасните генерации, специјални збирки со книги за полесно совладување на германскиот јазик преку читање на класична германска и светска литература, па се до најнови изданија од областа на музиката и филмот. Библиотеката има многу богата музичка збирка, како и оддел за зајмување на уметнички слики. Со организирањето на бројни активности библиотеката е препознатлива во целиот регион и служи за пример како една современа институција.



Договорите за соработка со спомнатите библиотеки, искористување на нивните искуства, високите стандарди на услуги и динамичен развој ќе придонесат за развој на нашата институција.

## ИЗРАЕЛСКА ДЕЛЕГАЦИЈА ВО ПОСЕТА НА БИБЛИОТЕКАТА

На 16 октомври 2017 година Библиотеката беше посетена од делегација од Израел во која учествуваа d-r Rachel Shely Levi Drummer –секретар за академски работи, Ilia Rodov – оддел за академска уметност, Bar – Iian University, Ramat – Gan, Izrael, Yael Alef – архитектонски конзерватор. На средбата, в.д. директорката м-р Јелена Петровска ја претстави Библиотеката преку реализираните проекти и активности. Тие се интересираа за библиотечниот фонд , а посебно за одредени списанија тематски поврзани со животот на Еврејската заедница пред и после Втората светска војна. Се разговараше за можните начини за истражување и изготвување на библиографии, on-line достапност, збогатување на библиотечниот фонд и инсталирање на информативни бази поврзани со одделот за еврејската уметност. Интересни книги и иновативни начини на презентирање на детската литература беа посочени како една од активностите кои библиотека заедно со Амбасадата на Израел во Република Македонија може да ги реализира во многу кус период, особено поради неодамнешната посета на израелскиот амбасадор во Р. Македонија, г-нот Ден Ориан.



## СТУДЕНТИТЕ И БИБЛИОТЕКАТА (РАБОТНА СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД РЕКТОРАТОТ)

Како плод на соработката на членките на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола, во просториите на НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола, на 01.11.2017 година, се одржа работна средба на в.д. директорот м-р Јелена Петровска со Ректорот на Универзитетот проф. д-р Сашо Коруновски и неговите соработници про-



ректорот проф. д-р Виолета Маневска, г-ѓа Калиопи Кривашија и други.

По официјалната средба од пред десетина дена во Ректоратот на Универзитетот, каде се разговараше за темите кои се од исклучително значење за текот на учењето и работните активности на студентите, покрај другото, стана збор и за подоброто искористување на ресурсите на Универзитетот, а во склоп на тоа и на факултетските библиотеки.

НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола, како придружна членка на Универзитетот и член на Сенатот, во текот на своето работење има потреба од остварување и на својата универзитетска функција. Во таа смисла беа разгледани можностите за набавка на стручна литература, начинот на пристап до базите, односно библиотечните фондови од страна на студентите и професорите. Стана збор за организирање тематски конференции, соработка со други универзитети и универзитетските библиотеки во земјата и странство, изготвување на заеднички проекти со заедничка иницијатива за поголема вклученост во научните истражувања, како и за важноста од евалуација на библиотечните процеси во рамките на Универзитетот.

Сите заложби за натамошна соработка беа допрецизирани од што произлегоа активности со точно утврдени рокови и стратегии: Стручната служба за развој на библиотеките при НУУБ „Св. Климент Охридски“ да изработи документ за фактичката состојба на библиотеките - членки на УКЛО Битола, да се разгледаат можностите за користење на програмата COBISS во факултетските библиотеки, со цел да се има увид во состојбата на стручната литература, како и можноста за целосна автоматизација на библиотечните процеси во рамките на Универзитетот.

## ОХРИДСКАТА И БИТОЛСКАТА БИБЛИОТЕКА ПАРТНЕРИ ВО ИДНИТЕ ПРОЕКТИ

На 02.11.2017 година во просториите на НУ Библиотека „Григор Прличев“ - Охрид е одржана работна средба на в.д. директорите Гордана Змејковска и в. д. директорката на НУ универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски м-р Јелена Петровска. Состанокот беше иницииран од двете страни како можност за поголема регионална соработка во однос на зголемувањето на компетенциите во библиотечното работење, размена на искуства поврзани со актуелните затекнати проблеми во самите институции и нивно решавање како што се: функционалноста на просторот, проблеми во врска со сместувањето и користење на книгите донирани од Владата и други прашања. Во присуство на библиотекарите и соработниците на библиотеката беа договорени заеднички активности по повод одбележување на значајни датуми и настани, како и можноста за промовирање на роднокрајните писатели и заеднички промоции на најновите изданија на писателите. Беа разгледани можностите за започнување на проекти поврзани со популаризација на читањето и информациската писменост. По работната средба директорката Петровска имаше прилика да се запознае со просторните можности на Библиотеката, вработените и нивните активности поврзани со Центарот за култура во Охрид. Следната средба е закажана во Битола со посета на директорите од Библиотеките од Охрид и Струга, каде што ќе биде донесена и програма за заедничка соработка.



# 44. СОБРАНИЕ НА БЗМ

*Подготвил*
*Благој Николов, библиотекар советник*

44. Собрание на Библиотекарското здружение на Македонија (БЗМ) се одржа на 16-17 ноември 2017 година во просториите на Националната универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ Скопје. На Собранието беа присутни 63 деле-



*Поздравно обраќање на г-ѓа Зоја Андоновска раководител на Одделот за библиотекарство при МК на РМ*

гати – учесници и 25 други присутни од сите библиотеки на Р. Македонија.

Собранието беше отворено со поздравните обраќања на г-ѓа Зоја Андоновска, раководител на Одделот за библиотекарство при Министерството за култура на Р. Македонија. г-ца Сенка Наумовска, в.д. директор на НУБ “Св. Климент Охридски“ Скопје, м-р Миодраг Дадасовиќ, национален координатор на МЕБ и г-н Благој Николов, претседател на БЗМ.

Во работниот дел на Собранието во текот на двата дена се одржуваше конференција на која




*Благој Николов, претседател на БЗМ*

беа претставени 20 трудови од областа на библиотекарството. Конференцијата се одвиваше на македонски и на англиски јазик. Модератор на конференцијата беше м-р Миодраг Дадасовиќ, библиотекар советник. Спонзори на Собранието беа



*Сенка Наумовска, в.д. директор на НУБ*

Jacek Lewinston Publisher's representative Central / Eastern Europe во чие име презентираше и неговиот сопственик Jacek Lewinson, IOP Publishing Company of the Institute of Physics, Bristol, England, во чие име презентираше м-р Миодраг Дадасовиќ, претставувајќи ја презентацијата на Франческа Бразорото (Francesca Brazzorotto), регионален менаџер за продажба во Италија, Балтичките држави, Источна Европа (освен Русија и Полска), Малта, Грција и Кипар. Во име на EBSCO Information Services, презентација имаше Далибор Параќ (Dalibor Parać), Senior Library Service Engineer за Централна и Јужна Европа.



*Презентација на Далибор Парач*

# ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ“ 2017

*Подготвила*
*Гордана Пешевска, виш библиотекар*

Откако Библиотекарското здружение на Македонија на својата Веб – страна го даде известувањето за реализирање на општинските натпревари „Млади библиотекари“ во Македонија, Националната установа – Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола состави трочлена комисија за спроведување на натпреварот. Комисијата во состав: претседател Јоланда Бошевска, библиотекар советник, членовите Илче Стојановски, виш библиотекар и Гордана Пешевска, виш библиотекар ги извести сите основни училишта во Битола и Битолско.

На 17. 10. 2017, со почеток во 11 часот, во новата читална на вториот кат од стариот дел од Библиотеката се одржа Општинскиот натпревар „Млади библиотекари“, на кој зедоа учество учесници од основните училишта од Битола и по еден ученик од училиштата во Бистрица, Новаци и Добрушево, вкупно единаесет претставници. Натпреварот траеше еден саат. По прегледувањето на тестовите беа познати најдобрите тројца натпреварувачи: Првото место со освоени 91 поен е Благица Митровска, 9 одд. ОУ „Браќа Миладиновци“ с. Добрушево, Могила, ворото место му припадна на Изабела Насковска, 9 одд. ОУ „Кирил и Методиј“ – Битола со еден поен помалку (90 поени) и на трето место се најде Марија Михајловска, 9 одд, ОУ „Крсте Петков Мисирков“ с. Бистрица со 87 поени.







Присутните ги поздрави и им ги додели наградите в.д. директорката м-р Јелена Петровска. Најдобрите тројца учесници добија награди во луксузни изданија од детски енциклопедии. На сите учесници им беа доделени благодарници и по една книга и последниот број на списанието Библиотечен тренд, а на нивните ментори, потврди за учество.

Според утврдените правила за овој натпревар на 18. Републички натпревар „Млади библиотекари“ што ќе се одржи во Центарот за култура „Браќа Миладиновци“ во Струга на 03.11.2017 г., ќе учествува првопласираната ученичка **Благица Митровска.**

# 18. РЕПУБЛИЧКИ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ“ 2017

18. Републички натпревар „Млади библиотекари“ се одржа на 03.11.2017 година во НУ Центар за култура „Браќа Миладиновци“ во Струга. На натпреварот учествуваа дваесет (20) ученици од основните училишта на Р. Македонија.

По прегледувањето на тестовите, петчлената комисија во состав: Мариче Богданова – виш библиотекар, претседател, Ели Наумоска Монеска – библиотекар, член, Пепи Ставревски – претставник од училишните библиотеки и секретар на Извршниот одбор на БЗМ, член, Жаклина Линкова, член и Љупка Стојменова, член и двете претставници од присутните ментори на учесниците, ги соопшти резултатите. Со 130 бодови беа првопласираните: Анастасија Младеновска од ОУ „Крсте Петков Мисирков“ – Куманово, Благица Митровска од ОУ „Браќа Миладиновци“ – с. Добрушево, Могила, Изабела Насковска од ОУ „Кирил и Методиј“ – Битола и Трајче Манчевски од ООУ „Никола Вапцаров“ – Струмица.





Со оглед на тоа што, според правилата на натпреварот беше потребен само еден победник, се пристапи кон усно одговарање на прашања. Крајниот победник беше, Трајче Манчевски, на второ место дојде Благица Митровска, а третото место му припадна на Изабела Насковска.

На првите тројца, претседателот на БЗМ Благој Николов, библиотекар советник на првите тројца натпреварувачи им додели дипломи и енциклопедии. На сите учесници им додели благодарници, а на нивните ментори потврди за учество.

# ЗНАЧАЈНОСТА НА ПЕРИОДИЧНИТЕ ПУБЛИКАЦИИ

*Подготвила*
*Лидија Мирчевска, виш библиотекар*

Покрај монографските публикации, сериските заедно со монографските публикации претставуваат основен фонд на една библиотека, каде се собираат, чуваат, стручно обработуваат и даваат на користење на читателите. Тие се главни носители на актуелни информации и сознанија од сите научни дисциплини, кои најнепосредно ги отсликуваат настаните во политичкиот, економскиот, културниот и научниот живот во земјата и светот воопшто. Се почесто се случува да се најдат во една сериска публикација податоци (статии) кои никаде дотогаш не биле публикувани. Статиите кои се објавуваат во списанијата, претставуваат за корисниците вистински извор за бараната информација од нивната сфера на интерес.

Сериските публикации како континуиран извор се објавуваат непрекинато во посебни свески или томови, обично нумерирани и нивното излегување не е временски ограничено. Тие опфаќаат: весници, зборници, годишници, календари, алманаси, годишни извештаи, статистички билтени итн. Весниците како дневен или неделен печат, имаат информативна улога и известуваат за тековни настани. Списанијата пак излегуваат неделно, месечно, односно периодично. Во нив среќаваме различни содржини како научни, стручни, политичко-информативни, културни, забавни, енигматски, детски итн. Периодиката претставува чувар на минатото. Старата и ретка периодика има статус на културно богатство, каде е отсликана историјата на едно општество (култура, традиција и сл.) Иако поголемиот број од насловите се на туѓи јазици и излегувале во други земји, значењето на овој фонд е неоспорно, затоа што претставува изворен материјал за проучување на историјата на еден народ.




Периодичните публикации се значаен сегмент во истражувачката работа на многу научни работници, а средношколците и студентите во нив наоѓаат многу критички осврти на дела од домашни и странски автори, како и други содржини кои се предмет на нивното изучување. И повозрасните читатели наоѓаат занимливи теми низ периодичниот материјал. Со ова уште еднаш се потврдува значењето на периодиката за една библиотека како посебен дел во движното културно наследство на библиотечни добра.

Во НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола, одделението „Стручна обработка на периодични публикации“, располага со богат фонд (вкупно наслови 2058) од кои списанија (1649) и весници (409) од различни области, што секојдневно стојат на располагање на читателите од нашата библиотека.

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ЗБИРКАТА ДРОБЕН ПЕЧАТ

*Подготвила*
*Ленче Андоновска, библиотекар советник*

На 09.08.2017 година беше претставена Збирката Дробен печат која е поставена во холот на третиот кат во стариот дел од зградата на Библиотеката, во застаклени витрини во кои е сместен само еден поголем дел од дробниот печат.

Основна мисија на секоја национална библиотека е да го комплетира, чува, обработува, создава и промовира библиотечниот материјал, во кој влегува и дробниот печат кој рапидно расте.

Проектот **Содржинско средување и поставување на дробниот печат во витрини – по-**



**стојана поставка** е одобрен од Општина Битола во рамки на програмата на БИТФЕСТ 2017. Овој проект е од големо значење со оглед на фактот што се овозможи презентација на дел од библиотечниот материјал – дробен печат, кој со години е прибиран, а досега не бил презентиран односно јавно достапен на граѓаните.

Селектирањето на дробниот печат е детерминирано од формалните и содржинските својства на библиотечниот материјал и тоа: масовност на слични публикации, прирачност, информативност, инструктивност и формален изглед.

Збирката Дробен печат ќе биде постојана поставка и граѓаните на општина Битола и сите гости кои доаѓаат во Битола и кои се заинтересирани за овој вид библиотечен материјал ќе имаат можност во секое време да ја посетат Библиотеката и да ја разгледаат Збирката Дробен печат, која е уникатна и во неа е претставено минатото со различни културни, образовни и научни средби, фестивали, изложби, спортски настани и други активности кои се одржувале на овие простори.

Битола и понатаму продолжува со својот придонес во книжевната традиција на Македонија, затоа и нашата Библиотека, односно, ние библиотекарите, свесни за улогата на библиотеките во заштитувањето и чувањето на старите и новите дела, како и за зачувувањето на трагата за вредните општествени случувања во градот, реализираме проекти за нивно осветлување од минатото во сегашноста и иднината.

## ПРОЕКТ „МЛАДИ ПОЕТСКИ ПЕРФОРМАНСИ“

*Координатор: Фатма Бајрам Азмовска, библиотекар*
*Соработник: Илче Стојановски, виш библиотекар*

Националната установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ – Битола пред 4 месеци со голем ентузијазам започна да го реализира проектот „Млади поетски перформанси“, наменет за млади автори на поетски творби од Пелагонискиот регион, за ученици од 5-9 одделение од основните училишта, ученици од средните училишта и млади на возраст од 18 до 24 години. Промоцијата на збирката поезија се одржа на 25.08.2017 година во просториите на библиотеката.





Целта на проектот беше да ги поттикнеме и мотивираме младите литературни творци да пишуваат, да го промовираат и афирмираат своето креативно творештво, за прв пат да се објават во збирка поезија со што ќе им се даде можност да се претстават пред пошироката јавност. Во предтекстот на проектот е заложбата за силна и директна стимулација на творештвото на младите автори од нашата земја.

Проектот опфаќаше конкурс за доставување на поетски творби, кој беше јавно распишан во текот на 2017 година. Најдобрите и најквалитетните творби кои беа доставени се објавени во оваа заедничка збирка поезија. Во збирката се опфатени над 30 творби кои учествуваа самостојно или со ментори – наставници.

Во рамки на проектот се одржаа работилници на следните теми: „ Модерни текови и трендови во современата поезија“, „Предавање од областа на поезијата, посочување теми, пишување на песна и интерпретација на напишаната песна“„Електронските алатки и можноста за промоција на поетското творештво на младите поети“„Од развивање на идеја – дело до промоција на дело“ итн. Проектот е финансиран од Министерството за култура на Република Македонија и општина Битола – БИТФЕСТ 2017.

## ДОНАЦИЈА ОД АВСТРИСКАТА АМБАСАДА

Во средата на 13 декември, Библиотеката беше посетена од м-р Ренате Коблер, амбасадор на Р. Австрија во Р. Македонија. Таа ја предаде овогодишната донација на книги за Австриската библиотека во состав на НУУБ -Битола.

Донацијата се состои од: литература од австриски писатели, литература од германски писатели, методски прирачници за наставници по германски јазик, учебници и работни тетратки во издание на Австрискиот фонд за интеграција (Österreichischer Intergrationsfonds), лексикони за австриската книжевност и стручна литература од областа на информатиката по барање на Факултетот за информатички и комуникациски технологии во Битола (ФИКТ).

По повод на посетата, Ученици од ОУ „Елпида Караманди“ - Битола кои го изучуваат германскиот јазик кај наставничката по германски јазик Билјана Митковска, пред Амбасадорката го презентираа проектот „Читање и преведување на дела од литература за деца и млади - романот „Katzenmusik“ од Renate Welsh“.

Овој проект беше еден од проектите со кои Австриската библиотека, НУУБ „Св. Климент Охридски“ и Почесниот Австриски конзулат во Битола го одбележаа фестивалот „Австрија чита 2017“ (Österreich liest 2017), а истиот се организира секоја година во Р. Австрија и во сите Австриски библиотеки ширум светот.

Учениците, исто така, ја најавија австриската писателка за деца и млади Ренате

Велш и нејзиното доаѓање во Битола, во март 2018 година). Учениците ја прочитаа прераскажаната приказна „Мачкина музика“ со паралелен превод на германски јазик и и го подарија на г-ѓа Коблер.

# ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА, ПРОМОЦИИ, ИЗЛОЖБИ, ПРЕДАВАЊА



*Подготвила*
*Фатма БајрамАземовска,*
*библиотекар*

**30.06.2017**
**Децата читаат**

Во рамки на своите активности за популаризација на книгата и подигнување на културата на читање, НУУБ – Битола и издавачката куќа Едука Мак организираа креативна работилница „Децата читаат“ на која беше доделена наградата за најдобар читател во Детското одделение при Библиотеката и наградата„ „ЅВЕЗДЕНИ ТРЕПЕТИ“ која и припадна на авторката Ели Маказлиева за книгата „Авантурите на мачорот Перко“. НУУБ – Битола ќе продолжи да ја доделува секоја година за најпопуларна, најомилена и едукативна книга за деца.



**30.06.2017**
**Средба со писатели**

Во просториите на детската градинка „Пролет“ – Битола, се одржа средба на децата со писателите за деца Ели Маказлиева, Панде Манојлов и Александра Велинова. Во текот на средбата беа промовирани најновите книги за деца: „100 ИЛУСТРИРАНИ БАСНИ ОД ЕЗОП“„АВАНТУРИТЕ НА МАЧОРОТ ПЕРКО“, „БИДЕЈЌИ СУМ ДЕТЕ“. Настанот беше во соработка со НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, издавачката куќа Едука Мак и градинката „Естраја Овадија Мара“ – Битола (клон Пролет)



Литературното творештво за деца е од особено значење во текот на нивното воспитување, образование и правилен развој и истото треба се повеќе да се негува и популаризира. Беа промовирани новите книги на Едука Мак и доделени награди на 12 деца «НАЈЧИТАТЕЛИ» и тоа на: Марија Јоновска, Јован Српчански, Петар Лозановски, Ангела Димовска, Константин Стојановски, Ана Стојанова, Ана Дичовска, Мирем Ахмедова, Јована Арсоска, Анастасија Дурлова и Ангела Мешеска.

**19-30.07.2017**
**Книги под ведро небо**




**07.08.2017**
**Работилница за едицијата „Македонски искушенија“**

Во роднокрајната читална на Библиотеката се одржа работилница во рамки на проектот **„По врвиците на хероите на Македонија“**, едицијата „Македонски искушенија (5 мултимедијални настани), беше најпрво претставена од професор Ѓорги Чекутков, кој зборуваше за Павел Шатев. Беа прикажани инсерти од документарни филмови кои ја даваа историската димензија, односно придонесот на истакнатите македонски дејци за ослободувањето и осамостојувањето на Република Македонија и соод-





ветните настани и околности во времето во кое тие живееле, твореле и се бореле. Проектот е поддржан од Министерството за култура на Република Македонија и општина Битола во рамки на програмата БИТФЕСТ 2017.

**28.07.2017**
**„Љубовта кон читањето“**

Во Детската библиотека на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола се реализира работилница на тема – „Љубовта кон читањето“. Работилницата ја реализира одделенскиот наставник од ОУ „Даме Груев“–Битола, м-р Нела Неделковска, а учествуваа младите читатели на пишаниот збор. Целта на работилницата беше да се развие љубов кон читањето. Да научат дека читањето ја поттикнува и развива фантазијата, креативноста и имагинацијата. Читањето го збогатува речникот и опушта. Присутните ги поздрави в.д. директорката на НУУБ – Битола, м-р Јелена Петровска – ги поздрави присутните деца и родители и ги воведе во правилата на работилницата. Се водеше дискусија и се даде до знаење дека книгите се многу подобри од филмовите, бидејќи се она што е напишано во книгата не може да се пренесе на големо платно. Сите деца самостојно си одбраа омилен лик од прочитана книга и истиот го илустрираа. Следеше презентација. По завршувањето на работилницата следеше и запознавање со просториите во библиотеката



**11.08.2017**
**„Мојата поинаква лектира – книга во кутија“**

Во рамки на БИТФЕСТ 2017 – во Библиотеката се одржа работилница на тема „Мојата поинаква лектира – книга во кутија“. На работилницата учествуваа ученици од второ до петто одделение, изведуваа активности по лектирно дело кое им оставило најголем впечаток, изработуваа цртежи, корици од прочитаното лектирно дело. Работилницата траеше еден час. После завршената работа учениците го презентираа она што го изработија, извлекуваа заклучоци, зошто се одлучиле да го работат токму тоа лектирно дело. Посебно беше задоволството од условите во Библиотеката наместо во школските клупи.



**16.08.2017**
**Детето кое не сакаше да чита**

Во рамки на БИТФЕСТ 2017 година, во просториите на Библиотеката се одржа театарска претстава „ДЕТЕТО КОЕ НЕ САКАШЕ ДА ЧИТА“, текстот е адаптација од авторско дело на српската писателка Јасминка Петровиќ. Оригиналниот наслов е „Како постати и остати глуп!“ – лесна, забавна поучна содржина со хумористични елементи. Главниот лик има голема аверзија кон книгите и читањето, но да се спаси од секојдневните притисоци на родителите, мудро се крие во школската библиотека.






**24.08.2017**
**„Македонски иселенички меридијани“**

Промоцијата на книгата „Македонски иселенички меридијани“ од авторот Славе Катин. се одржа во просториите на библиотеката со почеток во 19 часот. Книгата е објавена од издавачките куќи „Македонска искра“ и „Матица македонска“ од Скопје, а рецензенти се поглаварот на МПЦ-ОА архиепископот Стефан и проф. д-р Вера Стојчевска – Антиќ. Изданието беше претставено од писателот Добре Тодоровски и проф.д-р Вера Стојчевска – Антиќ. Делото на Катин е еден вид именик, или биографски колаж со карактеристични податоци поместени со низа бројки и факти од животот и делата на 150 личности од македонско потекло. Во книгата на 600 страници се објавени имиња на познати и признати личности, со различни образованија и занимања, општественици и духовници вгра-






дени во изградбата на македонските православни цркви од нивното конституирање од дамнина до денес. Овој импозантен број имиња е значаен за македонската национална, духовна, културна, стопанска и научна дејност, со што се прикажува вистината за македонското иселеништвото во минатото и сегашноста.

**22.09.2017**

**Глобалната Визија за библиотеките**

Во организација на Здружението за равој и иновации на библиотеки „ИНОВА ЛИБ“, во просториите на Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ Скопје, беше одржан состанок на тема: Дискусија за Глобалната Визија за библиотеките.



На состанокот, како претставници на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола беа присутни: м-р Јелена Петровска – в.д. директор, Фатма Бајрам Аземовска, библиотекар, Александар Крстев, библиотекар.

Учесниците имаа можност да дискутираат по различни прашања и притоа беа изнесени професионалните искуства и размислувања на библиотекарите од Р. Македонија со што се даде осврт на моменталната состојба и се предложија насоки во склад со глобалната визија за библиотеките која оваа година беше сугерирана на работилницата IFLA Global Vision која се одржа во Мадрид на 5-6 јули 2017 каде на покана од ИФЛА учествуваше м-р Вилма Јованова, секретар на Здружението Инова Либ.

**26.09.2017**

**Европски ден на јазиците**

Француската Алијанса Битола и Националната установа Универзитеска библиотека „Св.Климент Охридски“ - Битола го одбележаа Европскиот ден на јазиците 26 Септември преку европски кулинарски обичаи.




Учесници беа ученици од основните училишта од Битола, каде што што се учи француски јазик и секое училиште подготви храна според кулинарските обичаи од некоја европска држава. На крајот на настанот, присутните гости уживаа во прекрасната храна подготвена со многу љубов од самите ученици.



**26.09.2017**

**Средба со амбасадорот Дан Оријан**

Националната Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Битола беше посетена од израелскиот амбасадор во Р. Македонија, неговата екселенција Дан Оријан. На средбата в.д. директорката м-р Јелена Петровска го запозна амбасадорот на Израел со работата на библиотеката, функционирањето и проектите. На средбата се разговараше и за иницијативи за идни соработки.



**26.09.2017**

**Мултимедијано ЦД**

Во просториите на НУУБ – Битола се промовираше мултимедијално ЦД **„Кога тато ќе порасне“ од авторот Дан Оријан (Dan Oryan).**

Неодамнешната промоција на книгата за деца „Кога тато ќе порасне“ од авторот Дан Оријан – амбасадор на Израел во Република Македонија, која беше презентирана во Библиотеката и како мултимедијално ЦД, предизвика голем интерес и внимание кај најмладите читатели.



Библиотеката во соработка со „Естреја Овадија Мара“ – Битола – објект „Снегулка“, на 5 октомври 2017 им го претстави мултимедијалното ЦД, како и истоимената книга „Кога тато ќе порасне“ од Дан Оријан.



**05.10.2017**

**Книга за наставата по германски јазик**

Во рамки на издавачката дејност на УКЛО на Светскиот ден на учителите, во НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, промивирано е изданието „**Методи на наставата по германски јазик како странски јазик**“. Проректорот, проф. д-р Виолета Маневска, во својство на промотор, истакна дека издавачката дејност на УКЛО етаблирана низ изданијата Билтен на Универзитетот, е- весникот Универзитетски глас и научното списание Хоризонти, меѓу другото вклучува и поттикнување преводи на учебници и учебни помагала, како што е изданието „Методи на наставата по германски јазик како странски јазик„ од авторите Герхард Нојнер и Ханс Хунфелд што претставува прв превод во Република Македонија, по претходно добиено авторско право за издавање на преводот, извршен од: д-р Валентина Илиева, м-р Симона Монавчева и Кристина Илиева. Професорот од Педагошкиот факултет, д-р Даниела Андоновска Трајковска потсети на значењето на методиката како важна научна дисциплина и ја истакна поддршката на УКЛО за научната и стручна мисла на Универзитетот.



**06.09 – 31.10.2017**

**Меѓународниот ден на писменоста**

Оваа година, Меѓународниот ден на писменоста (8 септември) ќе се прослави низ целиот свет под темата „Писменост во дигиталниот свет“. Следејќи ги светските трендови во библиотечната дејност, кон оваа глобална акција се вклучува и НУУБ“ – Битола со бесплатно зачленување во библиотеката на сите деца запишани во прво одделение од основните училишта во Битола и промовирање на електронски читачи на книги (e-book readers).



Акцијата започна на 06.09.2017 и траеше до 31.10.2017 година со приложување на ученичка легитимација или ученичка книшка.

**Октомври - месец на книгата 2017**

Една од најважните функции на Библиотеката е популаризацијата на книгата и читањето, развивање на свеста и навиките за читање. Октомври е месец на книгата, кога се трудиме да го поттикнеме читањето, и не само








тоа, туку преку проектот „Сликовница за секое дете“ и „Месец на книгата“ – НУУБ - Битола, го промовираше читањето и моќта на книгата меѓу најмладите. Проектот е само еден од многуте проекти што го поттикнуваат и стимулираат читањето. Исто така, за млади и возрасни ќе се организира Дебатен клуб, „Клуб на читатели за млади и возрасни“, во рамките на кој ќе се анализираат различни книги, ќе се дискутира за омилени книги и писатели.

**02.10.2017**

**Заедно со најмладите читаме**

По повод октомври – месецот на книгата, во холот на библиотеката е поставена изложба на книги наменета за нашите најмлади читатели. На следниот линк следат повеќе фотографии https://www.facebook.com/pg/nuub.mk/photos/?tab=album&album_id=10155837824668679

- **„Опасна игра“ - Виварели, Ана**
- **„Клавирот тивко плачеше“ – Сотировска, Душица**
- **„Четири пријатели онлајн!“ – Каприја, Каролина**
- **„110 улици“ – Гутовска - Адамчиќ, Малгожата**
- **„Децата од моите сонувалки“ – Калан, Ѓорѓи Т.**

Предлог наслови на нови книги за читање во идниот период:

- **„Кони и љубовното писмо“ – Боеме, Јулија**
- **„Принцезата Тијара“**
- **„Приказни од Алхамбра“ – Ирвинг, Вашингтон**
- **„Тајната градина“ – Хоџсон Барнет, Френсис**
- **„Ученикот на ренџерот“ – Фланаган, Џон**

**Недела на забранети книги**

Во некои земји, властите, дури и во денешно време, наметнуваат што е морално да се чита врз основа на лични убедувања на поединци - на пр. во Иран (јануари, 2011) забранети се книгите на Паоло Коелјо, а во Русија имаше неуспешна иницијатива да се забранат Набоков и Маркез односно нивните дела: „Лолита“ и „Сто години самотија“, кои се наведуваат како дела што поттикнуваат „перверзни страсти и ги прават поединците несреќни“.Неделата на забранети книги се одбележува ширум светот, уште од 1982 година. Оваа недела беше одбележана и во битолската библиотека, а со цел читателите да се запознаат се повеќе со насловите кои се забранети, изложбата на забранети книги беше продолжена до 7 октомври.



**13.10.2017**
**Писателите зборуваат за книгата**

Една од активностите предвидени во месецот на книгата е и средбата на ученици со битолските писатели „Писателите зборуваат за книгата“, со цел учениците да се запознаат со писателите, нивната дејност и творештво, воедно да се мотивираат да ги читаат нивните дела, и самите да пишуваат. Писателите Панде Манојлов, Елена Ѓорѓиевска Костандиновиќ и Радован П. Цветковски се дружеа со учениците од ОУ „Даме Груев“ – Битола и наставничката Нела Неделковска . Активностите по повод „Месецот на книгата“ се организираат со цел поголема популаризација и афирмација на книгата и творештвото, важноста и значењето на читањето, особено во најраната возраст.



**18.10.2017**
**Промоција на книга**
**ЗА ИМЕТО НА МАКЕДОНИЈА**

Во организација на Македонското научно друштво од Битола во соработка со НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, се одржа свечена промоција на книгата „**Обликување на името Република Македонија на државата**“ (второ дополнето издание), од авторот д-р Ѓорѓи Михајловски. За книгата зборуваше промоторот проф. д-р Трајан Дојчиновски. Книгата е во издание на Македонското научно друштво од Битола.



**19.10.2017**
**Посета на ученици од ОУ „Ѓорѓи Сугарев“**

Ученици од ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ - Битола, заедно со своите наставнички, ја посетија НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола, при што беа запознаени со основањето, работата и развојот на Библиотеката. Во текот на посетата беше организирана и кратка креативна работилница посветена на книгата и нејзиното значење. Учениците со посебен интерес и задоволство ги разгледаа детската библиотека, библиотечниот музеј и читалните.



**19.10.2017**
**Посета на ученици**
**ОУ „Св. Климент Охридски“**

Наставничката Гордана Анастасова и учениците од ОУ „Климент Охридски“ - Битола ја посетија библиотеката, се запознаа со работата на библиотеката, со професијата библиотекар и со музејската поставка. Во текот на посетата им беа покажани новите читални, функциони-



рањето и правилата во читалните, идеи како може максимално да се користат итн. Учениците на крај се сликаа за новите членски картички. Љубопитници Ви благодариме за покажаниот интерес да ја посетите нашата библиотека, бидејќи ова е еден од начините на кој се стекнува навика за читање и љубов кон книгата.

**3.11.2017**

**Промоција на две книги**

Во библиотеката се одржа промоција на книгите „Песната палимпсест“ од авторот Веле Смилевски и „Устата на јавето“ од Раде Siljan. Промотори на книгата беа проф. д-р Даниела Андоновска – Трајковска, проф. д-р Златко Жоглев и проф.Милица Димитријовска - Радевска. На присутните гости им се обрат м-р Јелена Петровска, в.д. директор. Во издание на книгоиздателството „Матица македонска“ од Скопје излезе од печат поетската книга „Устата на јавето“ од современиот македонски писател Раде Силјан. Во своето седумнаесетто поетско дело авторот застапува седумдесет песни, поделени во седум тематски циклуси, кои сочинуваат неразделна тематска целина.





Во присуство на писателите Веле Смилевски, Раде Силјан и проф. д-р Златко Жоглев, в.д. директорката м-р Јелена Петровска го запозна амбасадорот на Словенија во Р. Македонија, професор Милан Јазбец со работата на библиотеката, функционирањето и проектите. На средбата се разговараше и за иницијативи за идни соработки и проекти. Беше поставена изложба од авторите Веле Смилевски и Раде Силјан.



**ИЗЛОЖБА ПО ПОВОД 4-ТИ НОЕМВРИ**

По повод 4-ти Ноември - ослободување на градот Битола, во холот на НУУБ „Св.Климент Охридски“ - Битола, поставена беше тематска изложба со наслови од фондот на Библиотеката како што се: Библиотеките во Битола, Црквите и манастирите во Битола и Битолско, Печатарството и издаваштвото во Битола, монографиите за Битола, како и книги за развојот на образованието, културата, стопанството итн.



**27.10.2017**

**Посета на студенти - претставници од Државниот универзитет во Тетово**

Библиотеката беше посетена од студентите од четврта година на студиската програма по германски јазики книжевност при Државниот универзитет во Тетово и нивните професори и шеф на катедра. Гостите ги поздрави в.д. директорот м-р Јелена Петровска и ги запозна со структурата на НУУБ „Св. Климент Охридски“ во чиј состав е и Австриската библиотека во Битола. Австрискиот лектор Лазим Ахмеди, заедно со неговите студенти, подготви литературно читање на избрани текстови и истите беа презентирани пред почесниот конзул на Република Австрија и раководител на Австриската библиотека во Битола д-р Валентина Илиева.



**03.11.2017**

**Промоција на „Тајната на нашите корени“**

Книгата „Тајната на нашите корени“ од авторката Весна Илиовска беше промовирана во салата за промоции на Библиотеката. Промотор на книгата беше Лилјана Стефановска. Тоа е книга за печалбарските корени на двете семејства, по линија на нашите двајца поранешни вработени, Десанка и Александар (Цане) Врклевски, сега покојни, истражувани подолго време од страна на нивната ќерка, авторката Весна Илиовска.



**06.11.2017**

**Едукативно предавање – Учење од далечина**

Во просториите на Библиотеката се одржа предавање за сите оние кои сакаат да бидат тутори или да учат од комотноста на својот дом, да не одат никаде, а да научат или споделат знаење од јазици, математика, електротехника, креативно пишување. Преку услугите на teachoot.com и ќе се изненадите од добиената услуга.



**16.11.2017**

**Книга „Говор на телото“**

Промоцијата на книгата „Говор на телото“ од проф. д-р Зендел Абедин Шехи, всушност, претставува комплетен навигациски водич за невербална комуникација. Во книгата се зборува за историјата на невербалната комуникација, нејзината природа, еволуција на говорот на телото. Универзални фацијални експресии, читање и анализирање на луѓето околу нас.



**11.12.2017**

**Недела на човековите права**

Француската Алијанса од Битола, Француската амбасада, Националната установа Универзитетската библиотека „Св.Климент Охридски“ – Битола и правниот факултет – Кичево, по повод денот на човековите права, организираа работилници за ученици од основните училишта од Битола.

Работилниците се одвиваа во просториите на Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола.

Во холот на библиотеката поставена беше ликовна изложба од ликовниот натпревар на тема „Право на живеење во здрава средина и недискриминација.

**ФРАНЦУСКИ УМЕТНИЦИ**
**ВО БИБЛИОТЕКАТА**

Во рамките на проектот за одбележување на човековите права, пред влезот на библиотеката се црташе мурал на тема „Фауна и Флора – право на живот во здрава средина“. Настанот го организираше Француската Алијанса од Битола, Француската амбасада и Националната установа Универзитетската библиотека „Св.Климент Охридски“ – Битола. Ова дело го нацртаа уметниците Херве Потел (Herve Potelle) и Александар Рајковиќ (Alexandre Rajkovic).





**БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ**

**ОДДЕЛ ЗА ЗАЈМУВАЊЕ И УСЛУГА ЗА ВОЗРАСНИ**

РОБИНКАТА – Кетрин Лим
СЕ ЗАПОЧНА ВО МОНТЕ КАРЛО – Елизабет Адлер
ЦАРСКА ПОТЕРА – Стив Бери
ЈАС ПРЕД ТЕБЕ – Џоџо Мојес
ПОСЛЕ ТЕБЕ – Џоџо Мојес
ЛИНДА - Леиф В. Г. Першон
ВЕЛИКАНОТ –Колин Фолконер
ТЕ НЕМА НИКАДЕ – Јелена Бачиќ Алимпиќ
ТЕРАПИЈА - Себастијан Фицек
Апартман во париз - Гијом Мисо

**ДЕТСКА БИБЛИОТЕКА**

ТАЈНАТА ГРАДИНА – Френсис Хоџсон Барн
БРАЌАТА ЛАВОВСКО СРЦЕ – Астрид Линдгрен
ЌЕРКАТА НА СОНЦЕТО – Магдалена Царева
БЕЛИОТ КЛОВН – Дамир Милош
ДЕВОЈЧИЊАТА СЕ ЧУДНИ – Горјан Петревски
МЕ ВИКААТ ЦИГАН – Ника Мај
МОРСКИТЕ САМОВИЛИ – А Френк Баум
СВЕТОТ НА СРЕБРЕНИОТ КЛАДЕНЕЦ – Коста Милков
КРАДЕЦОТ НА ЛУРИДИУМ – Боби Пирс
ДЕЦАТА ОД МОИТЕ СОНУВАЛКИ – Ѓорѓи Т. Калан

# БИБЛИОГРАФИЈА НА ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ И МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

*Подготвиле:*
*Јоланда Бошевска, библиотекар советник*
*Гордана Пешевска, виш библиотекар*

По повод Денот на патронот Свети Климент Охридски, во Библиотеката на

07.12.2017 година беше промовирана новата „**Библиографија на магистерски трудови и докторски дисертации одбранети на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ Битола во периодот 1991 – 2016**. Промотор беше Јоланда Бошевска, библиотекар советник.

На оваа најнова Библиографија работеа Јоланда Бошевска, библиотекар советник и Гордана Пешевска, виш библиотекар кои се воедно и составувачи, уредници и редактори на избраните библиографски единици. Д-р Светлана Талевска, виш библиотекар е соработник во изработката на библиографските единици, а д-р Николче Вељановски, библиотекар советник го направи преводот на англиски јазик на предговорот. Компјутерската обработка е на Гордана Пешевска. Библиографијата е печатена во Графопром-Битола. Финансиски е поддржана од Министерството за култура на РМ

На 272 стр. застапени се вкупно 807 библиографски единици и тоа: 602 библиографски единици за магистерските трудови и 205 библиографски единици за докторските дисертации. Се разбира дека ова не е реалната бројка на одбранети трудови. Со оглед на краткиот временски рок, податоците се истражувани само во локалната база и взаемната база COBISS.MK. Библиографските единици во публикацијата се одредени со следните елементи: автор, наслов на трудот, место и назив на научната институција каде што е бранет трудот, година на одбраната, број на страниците и УДК индекс. Библиографијата е средена азбучно во два дела и секој дел содржи Регистар на автори и Регистар на наслови. Регистарот на наслови ги содржи сите главни стварни наслови на библиографските единици кој исто така е подреден азбучно. Регистарот на автори содржи имиња на лица коишто учествувале во создавањето на содржините на вклучената библиографска граѓа, како и имиња на автори цитирани во библиографската забелешка. Регистарот е подреден азбучно, застапени се сите форми на имиња кои упатуваат на единствената именска определница.

Библиотечно-библиографскиот информативен оддел, како организациона единица на МУБ Св. Климент Охридски – Битола, е формиран во 1982 година, за потоа во април 1986 година, откако претходно беше кадровски оспособена, да прерасне во Бибиблиографски оддел. Прва изготвена публикација на Одделот беше „**Прегледот на докторски дисертации и магистерски трудови на научни работници од подрачјето на Битола, одбранети на Универзитетите во земјата и странство во периодот од 1955-1990** .

Во понатамошната работа, вработените во одделот, целиот свој капацитет и ентузијазам, го усмерија на истражување на фондовите на Библиотеката кои беа достапни за де визу обработка.

Од 1996 година библиографиите целосно се изготвуваат со програмска поддршка COBISS (Cooperative On-line Bibliographic System and Services) со што библиографските записи станаа достапни за голем број корисници. Со текот на времето Одделот ги збогати своите содржини и продолжи со изготвување на разни видови специјални библиографии и тоа:

**Ретроспективни библиографии:**

- **Статии од Битолски весник** (1964….2000) - 4 свески изд. 1993,1997,1998, 2004год.;
- **Библиографија на Универзитетот во Битола (1979-1999) -** изд. 2003 год.;
- **Библиографија на Националната установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ (1945-2008) -** изд. 2008 год.;
- **Библиографија на магистерски трудови и докторски дисертации одбранети на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ Битола во периодот 1991 – 2016 -** изд. 2017 год.

**Авторски, односно персонални библиографии за:**

- **Владимир Костов -** изд. 2004**;**
- **Вера Стојчевска-Антиќ -** изд. 2007;
- **Ѓорѓи Димовски-Цолев –** изд. **2010;**
- **Никола Кочовски** – изд. 2013
- **Радован П. Цветковски –** изд. 2015

Во периодот од 2007 до 2009 година, Одделот изготви два проекти со работен наслов: Заштита на стари книги и ракописи во Битола и Битолско и тоа:

- **Од ризницата на стари книги во битолските цркви ЦД-РОМ -** изд. **2007; Од ризницата на стари книги во црквите во Битолско ДВД-РОМ –** изд. **2009.**

Со оваа значајна публикација, претставувајќи ги трудовите на научните работници одбранети на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, одделот Библиографии направи напори да остави една значајна публикација за идните истражувачи.